РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**НОТАР**
**ЖАКЛИНА НИКОЛИЌ**
За подрачјето на основните судови
на град Скопје
**Бул.Јане Сандански бр.109 А,**
**влез 1, приземје, Д16, Скопје,**
**општина Аеродром**

**Книга I ОДУ БРОЈ 123/18**

**Извод**

12.06.2018(дванаесетти јуни две илјади и осумнаесетта ) година.---------------------------------------------

Во Скопје , во 11,00 часот(единаесет часот).------------------------------------------------------------------------

Јас Нотар Жаклина Николиќ од Скопје,нотар за подрачјето за основните судови на Градот Скопје, со службено седиште на Бул.Јане Сандански бр.109 А, влез 1, приземје, Д16, Скопје,потврдувам на покана на Друштвото за производство и промет Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија, со седиште на Булевар на виното бр.1 Демир Капија, на ден 12.06.2018 година 12.06.2018(дванаесетти јуни две илјади и осумнаесетта ) година, во 11,00 часот(единаесет часот)присуствував на годишната редовна седница на Собранието на акционерите на ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија кое се одржа во просториите на Македонија Сообраќај АД Скопје, сала за состаноци , при што согласно член 92 од Законот за Нотаријатот и членовите 298, 383 и 407 од Законот за трговските друштва, го составив следниот: ------------------------------------------------------------

----------------------------------------------------------**З А П И С Н И К**---------------------------------------------------

--------------------од годишната редовна седница на СОБРАНИЕТО на акционерите на -------------------

-------- Друштвото за производство и промет Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија--------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Пред отпочнување на Собранието ми беа предочени:------------------------------------------------------------

1)Тековна состојба на правното лице од единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија издадена од Централниот регистар на Република Македонија, Регионална Регистрациона Канцеларија -Скопје број 1 Скопје (прилог А кон записникот).-----------------------------------------------------------------------------------------------

2) Акционерска книга на ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија со состојба на ден 11.06.2018 година (единаесетти јуни двеилјади и осумнаесетта година) во 11:27:19 (еднинаесет часот дваесет и седум минути и деветнаесет секунди) во која се евидентирани акционерите на Друштвото, со вкупен број на обични акции 2700000(двамилиониседумстоилјади) и вкупен број на гласови 2700000 (двамилиониседумстоилјади). -----------------------------------------------------------------------

3)Список на присутни акционери лично или преку полномошник од наведениот список -извештај на верификациона комисија(прилог В кон записникот) се утврди дека на седницата на Собранието се присутни акционери со број на акции 1530409 (еденмилионпестотриесеилјадиичетрстодевет) што претставува 56,68% од вкупниот број на акции со право на глас. ------------------------------------------

4)Јавен повик до акционерите на ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија објавен во дневниот печат Нова Македонија на ден 11.05.2018 година (прилог Г кон записникот).---------------------------------------

Седницата ја отвори Г-дин Тихомир Мукаетов како претседавач од претходното Собрание на акционери , кој ги поздрави присутните акционери на ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија.--------------

Г-дин Јордан Трајков го предложи Г-дин Тихомир Мукаетов за претседавач со денешната седница на Собранието кој предлог беше едногласно усвоен од присутните акционери.-----------------------------
За записничар се избра Нотар Жаклина Николиќ од Скопје и согласно ЗТД не се избираат записничар и двајца акционери- заверувачи на записникот.---------------------------------------------------------
Потоа се пристапи кон избор на верификациона комисија и едногласно беа избрани Македонка Петрова и Андријана Симовска .-------------------------------------------------------------------------------------------
Андријана Симовска даде извештај на верификациона комисија за верификација на списокот на присутни акционери и утврдување на кворум за работа и одлучување.Претседавачот утврди дека е исполнет кворумот за работа на Собранието со вкупен број на акции 1530409 (еденмилионпестотриесеилјадиичетрстодевет) односно 56.68 % проценти.----------------------------------
Потоа Претседавачот премина кон утврдување на Дневен ред од работен дел на Собранието.-------
Пред да се стави на гласање предлогот за утврдување на дневниот ред за збор се јави Г-дин Тодор Черепналковски кој побара објаснување во која точка на дневниот ред ќе се разговара за програма за развој и работење на друштвото во наредните години, по што беше прецизирано дека за тоа ќе се разговара во точка број 2 (два) разгледување на годишен извештај за работење на друштвото за 2017 година. ------------------------------------------------------------------------------------------------
Потоа Претседавачот пристапи кон утврдување на дневниот ред од работниот дел на седницата и кој дневен ред е објавен во весникот Нова Македонија.-------------------------------------------------------------
Ги прочита сите точки од работниот дел на дневниот ред и поединечно се пристапи кон секоја од нив како што следи: ----------------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот конастатира дека материјалите по точките од дневниот ред биле достапни на увид секој работен ден по објавување на повикот во просториите на друштвото и на интернет страницата на Македонска берза на хартии од вредност и дека никој не доставил забелешка или предлог по истите.------------------------------------------------------------------------------------------------------------
1.Претседавачот го прочита записникот од вонредната седница на Собранието на акционери на ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија одржано на ден 26.09.2017 година и праша дали некој се јавува за збор и бидејќи никој не се јави за збор Претседавачот ја стави Предлог-Одлуката на гласање и акционерите гласаа јавно со кревање на рака и констатира дека едногласно е усвоена и е донесена Одлука.---------------------------------------------------------------------------------------------------------------
2.Потоа се премина кон втората точка од дневниот ред кон разгледување на годишниот извештај за работењето на друштвото во 2017 година. Претседавачот отвори расправа по оваа точка од дневниот ред. Збор зеде Г-дин Јордан Трајков, извршен директор, кој кажа дека 2017 година беше многу тешка година, пред се поради политичката ситуација во земјата и застојот на сите полиња, проблеми во работењето со локалната самоуправа, пред се сеуште нерешениот проблем со водснабдувањето и квалитетот на водата за пиење и хигиена но и проблемот со наводнувањето на лозјата кој го креирал претходниот градоначалник.Поради сето тоа има огромна загуба по родот а е добро што лозовите насади не се исушеиле. Постои и друга опасност бидејќи нема работоспособно население под 60 годишна возраст.------------------------------------------------------------------
Г-динот Јордан Трајков кажа дека е постигнато извонредно ниво на работењето во туризмот каде е добиено високо квалитетно рангирање на услугата.Детално беа поднесени извештаите за напорите во обезбедување на работна сила за изнаоѓање на нови пазари на пласман на виното и